# Мора да се редефинира, инаку уметноста би била мртва

**Кога зборуваме за смртта на класичното сликарство вистинската дилема не е изборот меѓу слика или објект, инсталација или скулптура, масло на платно или дигитална и виртуелна реалност, класична или жива скулптура. Дилемата е една - дали делото е добро или лошо. Тука завршуваат сите тези и контраставови за кризата во сликарството. Едно е сосема сигурно, се согласуваат теоретичарите на уметноста - сликата денес не е негирана, уништена, деструирана, ниту е заменета со нешто сосема друго. Таа практично е поместена и метафорички ситуирана во сферата на новите визуелни простори**



Кога концептуалната уметност се етаблираше на светската уметничка сцена во 60-тите години од минатиот век главен аргумент беше дека уметноста треба да постои само како идеја, но не нужно и како физички ентитет.

Еден век подоцна - по иницирањето на современите тенденции во уметноста од кои произлегоа нови форми и презентации, теоретичарите не престанаа да говорат за смрт на традиционалното сликарство, сфатено во буквален физички контекст. Од друга страна, уметниците како Демијан Хирст и Такаши Мураками, кои направија милиони со својата концептуалност, најавуваат дека му се враќаат на сликарството.

Постои ли реална криза во сликарството, во контекст на традиционалната слика - наспроти актуелните поекспериментални тенденции во уметноста?

Зошто во современата уметност денеска сé помалку место


Останати вести

И пред да го видиме „Името е име“ - го чувствувавме
„Формула“ на Шукарова во Турција и во Шпанија
Томислав Османли во трката за „Балканика“
„Кавкаски круг со креда“ во Битола
Политичките ставови на Пикасо во „Албертина“
Приказна за буквата „Љ“
Наследничката на Едгар Алан По
Гостува оркестарот „Феликс Нововејски“ од Полска

Печати | Прати ја страницата | Врати се назад

SHARE

има за традиционалната слика и дали со тоа темелно се редефинира статусот на визуелната уметност? Некои од нашите уметници ја негираат смртта на класичната слика во светски рамки, но укажуваат на криза во домашната сцена. Како и да е, во светот сé уште се дебатира околу ова прашање.

**Во Македонија сликарството е во криза**

Реална криза во сликарството не постои, категоричен е графичарот Атанас Ботев.

- Не се согласувам дека постои криза во сликарството ниту, пак, дека современата уметност нужно подразбира користење на современи медиуми. Постои само добро и лошо уметничко дело. Може да зборуваме за кризата на сликарството во Македонија, но тоа се должи пред сé на неинформираност, дефицит на занаетчиска вештина и креативност и најважното - недостиг на добри сликари. Од друга страна, добрите сликари се демотивирани бидејќи не добиваат поддршка од културните институции, галеристи и куратори, не постои арт-маркет ниту, пак, некаква стратегија за откуп на уметнички дела - вели Ботев.



Не може да се говори за каква било загрозеност на сликарството во денешен современ контекст, се согласуваат и уметниците Слободанка Стевчевска и Денис Сарагиновски од групата „ОПА“.

- Напротив. Денеска е потешко да се биде свеж во овој медиум, но тоа секако може да биде и предизвик. Убаво и нужно е да се биде свесен за новите искуства и новите прашања што ги отвораат „новите“ медиуми и форми. Тие искуства можат многу да придонесат во сликарството. Можеби кај нас сликарството е во многу поголема криза во однос на голем дел од останатите земји. Но не памтиме ни квалитетна современа сликарска изложба од странски автори по нашиве музеи, можеби и тоа е една од причините за таа состојба. А во однос на редефинирањето на визуелната уметност, да, таа се редефинира, и секогаш одново и одново ќе се редефинира, инаку уметноста би била мртва - велат членовите на уметничката група „ОПА“.

Прво што треба да се дефинира е што е тоа „традиционално“ сликарство, вели македонскиот уметник Гоце Наневски.

- Но да претпоставиме дека се мисли на крут академизам, кој ги негува вредностите од класичниот пристап. Прашањето за еволутивноста на уметноста и нејзините изрази не би требало да ги објаснуваме, и оттаму е логично дека изразот „традиционално“ си зазема извесно место во хронологијата на настаните - вели Наневски.

Тој смета дека со неприсуството на „традиционалното“ не се редефинира визуелната уметност, уште помалку

се редефинира визуелната уметност, уште помалку нејзиниот статус.

- Статусот на визуелната уметност го дефинираат новите референтни резултати од различни подрачја на истражување. Тие и ќе ги дадат „новите“ координати на визуелната уметност во времето во кое настанале, и во тоа не гледам ништо спорно - вели Наневски.

**Хирст и Мураками се враќаат на сликарството**

Славниот јапонски уметник Такаши Мураками, познат по концептуалните интервенции, неодамна најави дека му се враќа на сликарството.

„Имам речиси 50 години, основав компанија, создадов мој свет... Овие дела се производ на цел тим асистенти. Сега кога ситуацијата ми дозволува, време е да направам нешто со сопствени раце“, изјави неодамна Мураками.

Иако целата кариера ја изгради создавајќи скулптури инспирирани од манга-естетиката и видеоигрите, Мураками 11 години студираше сликарство на Националниот универзитет на уметност во Токио. Се прослави со стилот „суперфлет“, кој самиот го измисли - заснован на животниот стил и субкултурата „отакуа“ (јапонски израз за личности со опсесија), како и на консумеризмот и сексуалните фетиши. Мураками престана да се занимава со традиционално сликарство за да ја надгледува продукцијата на своите помошници. Неговите последни сликарски дела како серијалот „Акупунктура“ и „Точка на притисок“ од 2006 година подразбираа физичка интервенција во самата слика - Мураками го мачкаше со бои своето тело и се моташе во платно. Слично како и Мураками, и британскиот концептуалист Демијан Хирст, кој има цела фабрика помошници зад себе, неодамна најави дека му се враќа на сликарството.

**Нека победи добрата уметност!**

На сликарството не му е потребна ниту задушница, ниту драматично воздигнување, едногласни се светските теоретичари на уметноста. Нека победи уметноста со кои сака средства и на кој било начин, велат тие.

Сведоци сме на толку објави на смрт на сликарството, што помалку нé фаќа и умор од апокалиптичните гласови за неговиот крај. Вестите за сериозни проблеми во сликарството беа поттикнати и од уметниците кои сé почесто истакнуваа дека им се гади од сликарство, и дека маслото на платно ги ужаснува. Оние што денеска говорат за сликарството со гримаси забораваат дека кризата во сликарството е многу постара, потсетуваат историчарите.

Можеби најголемо сомнение искажа Марсел Дишан, кој се ужаснуваше од мирисот на терпентинот и секое „меко“ својство на сликата, иако генерално им се

воодушевуваше на сликарите од неговото време.

Иако Дишан преку својата „реди мејд“-уметност излезе од традиционалните рамки на ликовната уметност, можеби најгласно најавувајќи го Судниот ден во сликарството, во неговите зборови нема зацементирана непопустливост.

Кога зборуваме за смртта на сликарството вистинската дилема се чини не е изборот меѓу слика или објект, инсталација или скулптура, масло на платно или дигитална и виртуелна реалност, класична или жива скулптура. Дилемата е една - дали делото е добро или лошо. Тука завршуваат сите тези и контраставови за кризата во сликарството.

Едно е сосема сигурно, се согласуваат теоретичарите на уметноста - сликата денес не е негирана, уништена, деструирана, ниту е заменета со нешто сосема друго. Таа практично е поместена и метафорички ситуирана во сферата на новите визуелни простори.

Автор: Ангелина Димоска

Веста е прочитана: 24 Оценка: 5
1 2 3 4 5

Оставете коментар

Име

Вашата е-пошта

Коментар

Испрати

Правила за објавување на коментарите